Универзитет „Свети Кирил и Методиј“
# М А Ш И Н С К И   Ф А К У Л Т Е Т – Скопје

## Посета

На 9 април 2008, Машинскиот факултет го посети висока делегација од потенцијални странски инвеститори во Република Македонија за компаниите General Dynamics, 3M Corporation, Hewlett Packard. При посетата беше организирана работилница на која во присуство на Ректорот на УКИМ Проф. д-р Ѓорѓи Мартиновски и Министерот во Владата на РМ г-динот Веле Самак беа претставени Машинскиот факултет, Факултетот за електротехника и информациски технологии и Институтот за Информатика од ПМФ. Гостите го изразија својот интерес за соработка, за која формите ќе се дефинираат наскоро, во согласност со плановите на компаниите за проширување во регионот.

## ТЕМПУС

Во рамките на DEREC TEMPUS JEP проектот од 13 до 15 Април во Конгресниот центар на УКИМ во Охрид се одржа работилница на која учествуваа преставници од Универзитетот од Фиренца, Италија, ТУ Виена, Австрија, Универзитетот во Бохум, Германија, Аристотелис Универзитетот од Солун, Грција и претставници од факултетите од УКИМ учесници на проектот: МФС, ГФ, ТМФ, ФЕИТ, ФЗНХ, како и претставници од ТЕМПУС канцеларијата на РМ.

## Изработка на дипломски задачи на студенти од МФ

Во периодот март-април 2008, на МФ беше реализирана работилница на која студентите кои работат на дипломски задачи во соработка со компанијата Johnson Controls ги претставија своите досегашни активности во реализација на задачите. Високиот претставник од Johnson Controls, г-динот Јан Тунисиен, директор на R&D Центарот на JC за Европа, беше исклучително задоволен од работата на студентите вклучени во овој заеднички проект помеѓу МФ и JC.

## Издаваштво

Во април 2008 година излезе од печат книгата: "Обновливи извори на енергија" под авторство на Проф. д-р Славе Арменски од Машинскиот факултет. Делото обработува исклучително значајно подрачје од областа на енергетските ресурси и како такво, ќе претставува корисно учебно помагало за студентите на додипломски и постдипломски студиии, но истовремено и корисен извор на информации за професионалците од индустријата во Република Македонија.

## Членство

На почетокот на април 2008, Интеруниверзитетската конференција на РМ го избра Проф. д-р Миколај Кузиновски од Машинскиот факултет за член на Одборот за акредитација на високото образование.

## Теренска настава

Студентите во завршна година на студиите на МФ од насоките: Производно инженерство, Индустриско инженерство и менаџмент и Производна информатика, во периодот 15-19.04.2008 реализираа теренска настава во Словенија при што посетија бројни успешни компании и Машинскиот факултет во Љубљана. Координатори на теренската настава беа проф. д-р Љубен Дудески, Вон. проф. д-р Атанас Кочов и Вон. проф. д-р Јасмина Чалоска.



## ДОКТОРСКИ СТУДИИ

На 18.04.2008, на Машинскиот факултет м-р Ана Лазаревска ја одбрани докторската дисертација со наслов "Методологија за оптимална имплементација на проектни активности преку примена на флексибилниот Механизам на Чист развој на Протоколот од Кјото ".

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата!***

## Понуда од Т - Mobile

Компанијата Т – Mobile за Вработените на Машинскиот факултет подготви понуди со повеќе погодности. Доколку сте заинтересирани Ви се нуди можност да пријавите максимум 4 postpaid телефонски броеви во бизнис групата на МФС (група на големи корисници). Поволностите за комуницирање помеѓу членовите на бизнис групата се големи. Вашите сметки ќе ви пристигаат на домашна адреса. Повеќе информации за тарифните модели можете да прочитате од приложените документи пристигнати на вашата e-mail адреса. За дополнителни информации можете да му се обратите на Александар Петровски вработен во Т – Mobile, одговорен за МФС, на тел. 070 300 810.

## Отсуства во април 2008

Службени патувања во странство заради реализирање на студиски престои, учество на семинари, симпозиуми како и за други службени потреби во текот на месец април 2008 год остварија долунаведените наставници и соработници:

1. Проф. д-р Стојанчо Стојмановски реализира службено патување во Хрватска, заради посета на Меѓународниот саем за заварување ЗАГРЕБ 2008.

2. Вон. Проф. д-р Атанас Кочов реализира службено патување во Словенија заради продолжување на активности поврзани со изработка на научноистражувачки проект.

3. Проф. д-р Звонимир Костиќ и Вон. проф. д-р Валентино Стојковски реализираа службено патување во Србија, заради присуство на приемот на затварач за браната Водоча.

4. Проф. д-р Љубен Дудески и вон. проф. д-р Јасмина Чалоска во својство на водители на студентите на научна екскурзија реализираа службено патување во Словенија.

5. Проф. д-р Миле Димитровски реализира службено патување во САД заради учество со сопствен труд на Светски конгрес на SAE.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**01.05.2008**
**ДЕН НА ТРУДОТ**

**24.05.2008**
**"СВЕТИ КИРИЛ И МЕТОДИЈ" ДЕН НА СЕСЛОВЕНСКИТЕ ПРОСВЕТИТЕЛИ**

**29.05.2008**
**41 СЕДНИЦА НА ННС**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

### Техничко уредување:

*Жарко Васиљевиќ, дипл. ел. инж.*
*Борис Рошков, дипл. ел. инж.*

**Година 2008, април, број 70**

# ФАКУЛТЕТСКИ МФС ИНФОРМАТОР

## ОТВОРЕН ДЕН НА МФС

Традиционалниот Отворен ден во организација на МФС се одржа на 12.04.2008 год. Повеќе од стотина идни студенти ги посетија просториите на МФС при што им се даде можност лично да се уверат во перспективите за студирање што ги нуди нашиот факултет.



Во текот на викендот (12-13 Април), МФС се претстави и на отворената манифестација на PORSCHE во Македонија. Машинскиот факултет учествуваше и на саемот за образование "Образование и кариера" кој се одржа на Скопскиот саем во периодот 17-19.04.2008 година.